09-97/8
04-11-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 24 - та седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Постапката по поднесена пријава за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-97/1 од 08.01.2025 година, против службеното лице ----------------------------, Заменик министер за ------------------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-97/1 од 08.01.2025 година, е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за можен судир на интереси.

Во пријавата се наведува дека лицето --------------------, брат на Заменик министерот за --------------------, -------------------- од 01.01.2025 година е поставен за Шеф на -------------------- на Граничен премин -----------------, што според пријавителот претставува непотизам.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК побара документација и информации од службеното лице ------------------------, ---------------- на РСМ, како и од Министерството за -------------------- и од доставените одговори го утврди следното:

Лицето ------------------- е именувано на функцијата Заменик министер за -------------------- со Одлука на Собрание на РСМ со бр. 08-3722/1 од 23.07.2024 година.

Од страна на лицето ------------------------- е доставена изјава заверена кај нотар со бр. УЗП 1325/2025 од 26.02.2025 година, со која потврдува дека е блиско лице, односно брат, со лицето -----------------, а согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ.

Понатаму, врз основа на податоците добиени од ---------------- управа на РСМ е утврдено дека лицето -------------------- засновало работен однос во -------------------- управа на РСМ на ден 15.03.2000 година, како Виш ------------- соработник во ------------------ Скопје. Во периодот од кога неговиот брат --------------------- е именуван на функцијата Заменик министер за -------------------, односно од 23.07.2024 година, ------------------ е распределен со Решение бр. 04-0503323/24-0113 од 07.10.2024 година, од работно место со ниво В1 самостоен советник за деловен и рекламен простор во Одделението за управување со --------- во Сектор за административно технички работи при ---------------- управа, на работно место од ниво Б3 шеф на царинската испостава Пелинце во царинарница------------- -------------- на неопределено време. Понатаму, на ден 26.12.2024 година, наведеното лице со Решение бр. 04-072849/24-0024, од работно место од ниво Б3 шеф на ----------------- испостава -------------- во ------------------, е прераспределен на работно место од ниво В3 шеф на царинска испостава ------------------ автопат во -------------------- при --------------- управа. Наведените решенија за прераспределување се потпишани од страна на директорот на ------------ управа, -------------------.

Во член 7 став 2 од Законот за -------------------- управа е уредено дека директорот одлучува за правата од работен однос на вработените. Согласно член 63 став 1 од истиот закон, во интерес на ---------------- управа, ------------------ службеник може на определено или неопределено време да биде прераспореден на друго работно место кое одговара на неговото професионално искуство, знаење и квалификации. Додека, согласно член 65-а од законот, решенијата за распоредување и унапредување, ги донесува директорот.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Заменик министер за ------------------ нема ингеренции и не може да биде вклучен во постапката за вработувањето/распоредување/унапредување во ----------------- управа на РСМ, односно во конкретниот случај не може да се утврди повреда на член 74 и 75 од ЗСКСИ.

----------------- управа е посебен орган на државната управа во состав на Министерството за ---------------, со својство на правно лице.

Државната комисија не утврди повреда ниту на член 56 став 2 од ЗСКСИ од страна на Заменик министерот -----------------, бидејќи согласно податоците добиени од Министерството за -------------, лицето ---------------- не живее во заедничко домаќинство со својот брат.

Имено, согласно член 56 став 2 од ЗСКСИ, избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување. Понатаму, согласно член 8 став 3 од ЗСКСИ, под поимот „семејство“ во смисла на овој закон се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето од ставот (1) на овој член живее во заедничко домаќинство.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. – член на ДКСК